This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“
## СЕПТЕМВРИ, 2025



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ТИТАНИК“ КОК-59/22

На ден 04.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на обвинет.

### „ИМПЕРИЈА“ КОК-33/23

На ден 04.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа сослушани двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 13.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на сведоците предвидени за сослушување.

На ден 19.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради промена во составот на судот со назначување на нов судија поротник.

На ден 25.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-112/24

На ден 13.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа предметот беше раздвоиен на две одделни постапки поради признавање на вина од страна на еден обвинет.

На ден 17.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 24.11.2025 година, главна расправа продолжи со изведување на материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-160/25 (РАЗДВОЕНА ПОСТАПКА)

На ден 13.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено по предлог на јавниот обвинител заради прецизирање на обвинителниот акт, откако беше дадено признание на вина од страна на еден обвинет.

На ден 24.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше сослушан обвинетиот кој призна вина и беа изведени материјалните докази во однос на материјалната штета врз буџетот на државата.

### „ФЕНИКС“ КОК-12/24

На ден 05.11.2025 година, главната расправа започна одново поради измени во составот на судот. Странките останаа на претходно дадените воведни говори, по што беа изведени материјалните докази од страна на јавниот обвинител.

### „ШТЕКЛИ“ КОК-93/25

На ден 05.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 14.11.2025 година, главна расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 19.11.2025 година, главна расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 21.11.2025 година, главна расправа продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „СИНЏИР“ КОК-61/24

На ден 19.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на претставник на правниот субјект.

## Останати судски предмети

### „ТАЛИР 2“ К-297/24

На ден 13.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа се изведоа материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 27.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа беше испитано вештото лице.

### „ТОТАЛ“ К-1493/17

На ден 03.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено бидејќи супер вештачењето се уште не е изготвено.

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На ден 17.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На ден 21.11.2025 година, главната расправа продолжи со изведување на материјалните докази предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ОНКОЛОГИЈА“ К-1680/25

На ден 05.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани седум сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

### „СПОРТСКИ ВАУЧЕРИ-АМС“ К-884/24

На ден 13.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на еден обвинет од здравствени причини.

### „ЛАЗАР НАНЕВ“ К-224/25

На ден 11.11.2025 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради неспроведување на сведокот од КПУ Идризово.

### „УБИСТВО ВО КРАТОВО“ К-540/24

На ден 20.11.2025 година, на рочиштето за главна расправа постапката продолжи во фаза на дополнување на доказната постапка. Поради утврдени противречности во вештачењата, јавниот обвинител предложи изготвување супервештачење, а предлогот беше прифатен од страна на судот.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На ден 05.11.2025 година, Судскиот совет ја одржа 530-тата седница, на која ги усвои записниците од 528-та и 529-та седница, расправаше по барањето за времено упатување на двајца судии во Основен суд Тетово. Судскиот совет расправаше и одлучуваше по поднесени претставки и поплаки од граѓани и правни лица, при што дел од претставките беа повлечени. Дополнително, формираше комисии на известители по поднесени барања за поведување постапка за утврдување одговорност на судија или претседател на суд.

На ден 19.11.2025 година, Судскиот совет ја одржа 531-та седница, на која констатираше продолжување на сите постапки што беа во мирување за време на локалните избори 2025 година и го утврди продолжувањето на судиската функција врз основа на поднесените изјави. Советот одлучуваше по барање за мирување на судиска функција, ги усвои извештаите на Комисијата по огласот за избор на претседатели на Основните судови Берово, Делчево и Радовиш и донесе одлука за повторно огласување, при што беа формирани соодветни комисии за проверка на условите. Советот донесе одлука за објавување оглас за избор на претседател на Управниот суд и формираше комисија за проверка на условите за избор. Беше донесена одлука за избор и разрешување судии поротници на Основен суд Берово, беа усвоени извештаите за работа на судовите за третиот квартал 2025 година и беа формирани комисии за постапки за утврдување одговорност на судија и за подготовка на кандидатски листи за член на Советот.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На ден 11.11.2025 година, Советот на јавните обвинители ја одржа 29-тата седница, на која по усвојувањето на дневниот ред пристапи кон разгледување на Извештајот за работа на Вишото јавно обвинителство Гостивар со подрачните обвинителства за 2024 година, презентиран од Вишиот јавен обвинител Фаик Арслани, при што по расправата извештајот беше позитивно оценет и усвоен. Советот ја разгледа Нацрт-Стратегијата за комуникација и транспарентност за периодот 2025–2028 година и по дискусија ја усвои. Потоа го разгледа Нацрт-Правилникот за водење постапка за обезбедување и гарантирање самостојност на јавните обвинители, кој по расправа беше усвоен.

На ден 20.11.2025 година, Советот на јавните обвинители ја одржа 30-тата седница, на која по усвојувањето на дневниот ред го усвои записникот од 29-тата седница. Советот пристапи кон разгледување на Извештајот за работа на Вишото јавно обвинителство Штип со подрачните обвинителства за 2024 година, кој беше презентиран од Вишиот јавен обвинител Ристо Бајаџиски, по што извештајот беше позитивно оценет и усвоен. Потоа беше разгледан Извештајот за работа на Вишото јавно обвинителство Битола со подрачните обвинителства за 2024 година, презентиран од Вишиот јавен обвинител Пецо Везироски, кој по расправата исто така беше позитивно оценет и усвоен.

На ден 25.11.2025 година, Советот на јавните обвинители ја одржа 31-вата седница, на која по усвојувањето на дневниот ред пристапи кон разгледување на Извештајот за работа на Вишото јавно обвинителство Скопје со подрачните обвинителства за 2024 година, презентиран од јавниот обвинител Наташа Крстевска Цалева, по што извештајот беше позитивно оценет и усвоен. Советот го разгледа и Извештајот за работа на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција за 2024 година, презентиран од јавен обвинител Ислам Абази, и по расправата позитивно го оцени и усвои. Советот донесе одлука да се објави оглас за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Скопје и на Основното јавно обвинителство Тетово.